18. I. 1990

КОН ПРЕМИЕРАТА НА ПРВИОТ РОКЕНРОЛ БАЛЕТ

„Зодијак“

# ...И ЅВЕЗДИТЕ СЕ ЗАЛУЛАА



ВО ВЖЕШТЕНАТА АТМОСФЕРА НА БАЛЕТСКАТА САЛА: РАХИМ БУРХАН, ВЛАТКО СТЕФАНОВСКИ, ОЛГА МИЛОСАВЛЕВА И ДЕЛ ОД БАЛЕТСКИОТ АНСАМБЛ

● *Кој и како го создаде првиот рокенрол балет „Зодијак“?*
● *Дали директорот на балетот Александар Хаџиманов сѐ уште стои зад тврдењето дека ова ќе биде своевидна сензација во нашиов културен простор?*

Кога пред три месеци го запрашавме директорот на скопскиот балет, Александар Хаџиманов за најновиот, тогаш во зародиш балетски проект, наречен „Зодијак“, тој ни рече: „Ова ќе биде вистинска сензација“, а кога деновиве се интересиравме дали сѐ уште стои зад таа изјава, тој повтори: „Не само што сѐ уште го тврдам истото, туку додавам дека вакво нешто навистина никогаш не е создадено на нашава сцена“.

Добро, денес само неколку денови пред премиерата кога проектот влегува во финиш, кога поприми свои финални белези, ваквата самоувереност можеме и да ја разбереме. Сѐ е веќе очигледно. Но, од каде таква сигурност, кога само се насетуваше што овој проект треба да биде? Сигурноста, според зборовите на Хаџиманов, ја гарантираше екипата собрана околу првиот рокенрол балет во Македонија и Југославија. Автори на музиката се Влатко Стефановски и Бодан Арсовски, либретото е на Горан Стефановски, кореографијата на Олга Милосавлева, а режијата на Рахим Бурхан. Навистина екипа што дава некои гаранции. Што таа оствари ќе видиме веќе во недела вечер, на 21 јануари, на сцената на Македонскиот народен театар во Скопје. За она што всушност е „Зодијак“ говори едниот од авторите на музиката, Влатко Стефановски:

● Како се решивме да правиме балет? Па, таа идеја постои уште од поодамна, но сега ни се пристори дека созреаја сите услови таа и да се реализира. А, зошто токму „Зодијак“? Во последно време некако во мода се сите тие гранични области на науката. Областа што ги изучува карактерите во зависност од ѕвездите преточена во музика и игра ни се виде доволно интересна и атрактивна. Балетот како специфичен вид сценска уметност дава големи простори за имагинација и илузија, па идејата на Горан да се „поиграме со ѕвездите“ беше многу оригинална. Музиката Бодан и јас ја пишувавме целото минато лето, доста студиозно и ангажирано. Знам те интересира и музичкиот пристап со оглед на тоа дека балетот има свои законитости и одредени побарувања, а ова е сепак наше прво среќавање со таа уметност. Види сите уметности имаат многу свои заеднички карактеристики, особено театарските, а јас, ми се чини, тука сепак не сум лаик. Го познавам театарот, сум работел музика за него. Од друга страна, не ли ти се чини дека рокот е роден за игра? Но во тие осумдесет минути музика има од сѐ по нешто: фанк, џез, самба... Она што досега го видов на пробите на балетот, ме одушеви. Но, ќе се видиме и по премиерата...



Во реализацијата на рок балетот „Зодијак“ учествуваа познатиот сценограф од Белград, Марина Чутурило и костимографот Елена Дончева. Музиката ја изведува, се разбира, „Леб и сол“.

Па...да ја почекаме недела и да видиме како тоа „ѕвездите“ се лулаат во ритамот на рокенролот.

Д. С.

Снимил: А. Ѓорѓиев